**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**Одделение за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина**
**Бр. 11-590/3**
**21.09.2026год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 49 став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25, 127/25 и 134/26) и член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија го дава следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е
# ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ОПШТ ЈАВЕН ПОВИК

**за одржување на Јавна презентација со Јавна расправа за Измена и дополнување на Генерален урбанистички план за град Гевгелија (Блок 15) од**

**Измена и дополнување на Генерален урбанистички план за град Гевгелија (Блок 15) и донесување на Детален урбанистички план за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16, општина Гевгелија во обединета постапка, општина Гевгелија**

Се организира јавна расправа со јавна презентација на Нацрт Измена и дополнување на Генерален урбанистички план за град Гевгелија (Блок 15) од Измена и дополнување на ГУП за град Гевгелија (Блок 15) и донесување на ДУП за Блок 15.12, Блок 15.13 и Блок 15.16, општина Гевгелија - плански период 2024-2029 во обединета постапка, општина Гевгелија.

Вкупната површина на планскиот опфат, што се применува при изработка на Измена и дополнување на Генерален урбанистички план за град Гевгелија (Блок 15) изнесува **13,2 ha**, вклучувајќи ја и површината помеѓу регулационите линии одредени и површината до оските на сообраќајниците.

Границата на планскиот опфат ги има следните координати:

- На ***север*** границата се протега по осовината на собирна улица ул.„Новопланирана 1“ и сервисна улица „СЕ-7“;
- На ***исток*** границата се протега по осовината на сервисна улица „СЕ-9“ и пешачка патека „ПП-1“;
- На ***југ*** границата се протега по осовината на собирна улица ул.„Новопланирана 1“ и сервисна улица „СЕ-6“;
- На ***запад*** границата се протега по границата на ГУП на град Гевгелија;

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**Јавната презентација** на Нацрт Измена и дополнување на Генерален урбанистички план за град Гевгелија (Блок 15) - плански период 2024-2029г. се спроведува во дигитална форма со објавување на планот преку информацискиот систем е-урбанизам, на веб страната на Општина Гевгелија, во електронски и печатени медиуми и на социјалните страни на Општина Гевгелија, а во хартиена форма планот ќе биде изложен и достапен на увид на широката јавност во просториите на Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина.

Јавната презентација ќе трае 30 дена, и тоа од **09.10.2026г.** до **08.11.2026г.** секој работен ден од 08-16часот.

**Јавната расправа** за Нацрт Измена и дополнување на Генерален урбанистички план за град Гевгелија (Блок 15) - плански период 2024-2034 со која ќе се стави на увид и проверка пред широката јавност ќе се одржи **на ден 10.11.2026 година (вторник) со почеток во 12.00 часот, во малата сала на Народниот театар во Гевгелија.**




Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika Makedonija
Tel/faks ++389 34 212 137, ++389 34 217 868
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk